Дневни билтени

**2015**

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

**2016**

**2017**

**2018**

**2019**

**2020**

**2021**

## Извадок на дел од дневни настани 20.11.2019

На 19.11.2019 во 21.40 часот, полициски службеници од СВР Скопје на ул. „Рафаело Батино" лишиле од слобода двајца малолетници од Скопје, кај кои била пронајдена марихуана и прашкаста материја. По документирање на случајот, против нив ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 19.11.2019 во 14.20 часот, полициски службеници од СВР Скопје на ул. „Тодор Александров" го лишиле од слобода А.В.(20) од Скопје, затоа што при

извршен преглед кај него била пронајдена марихуана. По документирање на случајот, против него ќе биде поднесен соодветен поднесок

Во текот на 19.11.2019 на подрачјето на СВР Скопје преземени се мерки и активности и констатирано е дека **шест** возачи управувале возила со брзина поголема од дозволената. Од сообраќај се исклучени **14** возачи, од кои: **13** возачи затоа што управувале возила без да се стекнат со право на управување на моторно возило и **еден** возач-почетник кој не ги почитувал сообраќајните прописи согласно ЗБСП. Исто така, исклучени од сообраќај се и **12** возила, од кои едно возило бидејќи било технички неисправно и **11** возила бидејќи биле нерегистрирани. Санкционирани се **осум** возачи поради поминување на крстосница на црвено светло, **три**возачи поради неправилно престројување, **четири** возачи поради неправилно престигнување, **двајца** возачи поради неносење сигурносен појас за време на управување на моторно возило и **осум** возачи поради користење на мобилен телефон при управување на возило. Во текот на изминатиот ден издадени се **59**мандатни платни налози и **52** возила се подигнати со специјално возило „пајак".

На 19.11.2019 во 16.20 часот на регионалниот пат Куманово - Скопје, кај с.Никуштак, патничко моторно возило „пежо‟, со кумановски регистарски ознаки, управувано од Д.П.(56) од Куманово, удрило во пешакот Е.И.(80) од Куманово. Во незгодата пешакот се здобил со тешки телесни повреди и бил пренесен во Општата болница Куманово за укажување на лекарска помош. Извршен бил увид на местото на настанот од увидна екипа од СВР Куманово.

На 19.11.2019 во 10.00 часот во Полициската станица Кисела Вода, Д.Ѓ.(29) од Скопје пријавил дека на ул.„Антон Попов‟ бил каснат од куче скитник во пределот на левата рака.

На 20.11.2019 во 00.20 часот на Граничниот премин „Меѓународен аеродром - Скопје‟, во придружба на полициски службеници од Италија, како депотрирано лице пристигнал Е.Д.(26) од Скопје. Бидејќи лицето се наоѓа на листата со мерка „апси‟, по барање на Секторот за меѓународна полициска соработка - Одделение за потраги поради сторено кривично дело „тешка кражба‟, тој бил предаден на полициски службеници од Полициската станица Чаир за понатамошна постапка.

На 19.11.2019 во 10.20 часот во Полициската станица Аеродром, M.J.(71) од Скопје пријавил дека на бул.„Видое Смилевски Бато‟ бил каснат од куче скитник во пределот на левата потколеница.

Секторот за компјутерски криминал и дигитална форензика при БЈБ поднесе кривична пријава против А.С.(47), поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „компјутерска измама‟. А.С., во својство на управител на фирма од Скопје, потпишал договор со фирма за телекомуникации од Скопје за користење на услуги. Со користење на опремата и софтверот на

фирмата за телекомуникации, за која не бил овластен, ниту регистриран за давање на услуги во областа на електронските комуникации, во период од јули до ноември 2019, навлегувал во телекомуникацискиот систем на два телефонски оператора од Р.С. Македонија и ги менувал податоците за започнатите меѓународни повици. А.С. наместо нив креирал нов компјутерски податок, прикажувајќи како да се остварува повик од национален телефонски број од Р.С. Македонија, а така изменетите компјутерски податоци како локални – национални повици, се регистрирале во компјутерскиот систем на оштетените телефонски оператори, со што ги оневозможил да наплатат надомест за терминација на дојдовен меѓународен сообраќај со странски оператор.
СВР Скопје - Единица за насилен криминал поднесе кривична пријава против М.Ј.(28) и К.Г.(25), двајцата од Скопје, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „изнуда". Од октомври 2019, во повеќе наврати, пријавените упатувале закани кон С.М.(46) од Скопје и нејзиниот син поради парични средства во износ од 80.000 евра, кои во повеќе наврати со високи камати ги давале на синот на С.М.. На 14.11.2019, пријавениот М.Ј. телефонски ја побарал С.М. и со закана од неа побарал да даде дел од долгот. Таа со него се договорила да му даде 60.000 денари, а веќе наредниот ден случајот го пријавила во СВР Скопје. Истиот ден М.Ј. бил приведен.

Полициски службеници од СВР Битола на 19.11.2019 извршиле контрола за алкохол, брзина, управување без возачка дозвола, нерегистрирани возила, непочитување првенство. Притоа, констатирано е дека **13** возачи управувале возило без возачка дозвола, **седум** возила биле нерегистрирани, **двајца** возачи управувале возила со поголема брзина од дозволената, **тројца** возачи зборувале на мобилен телефон додека управувале возило, **двајца** возачи управувале возило под дејство на алкохол и тие се исклучени од сообраќај. За сите неправилности издадени се соодветни налози.

На 19.11.2019 околу 18.00 часот на влезот од Шумската полициска станица во Кичево од слобода бил лишен Б.В.(21) од Кичево, поради тоа што физички нападнал вработени во Шумска полиција кои преземале службени дејствија - одземање на товарно возило со бесправно исечени дрва. Тој бил приведен во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 19.11.2019 околу 13.15 часот во СВР Охрид, од Итна медицинска помош било пријавено дека во атар на охридското село Ливоишта, во несреќен случај животот го загубил С.К.(49) од истото село. Полициски службеници излегле на местото и по преземени мерки било констатирано дека околу 13.00 часот, додека обработувал нива со трактор, изгубил контрола, по што тракторот се превртел. Смрт констатирал лекар од Итната медицинска помош, а по наредба на
Јавен обвинител телото на починатиот било дадено на обдукција.

На 19.11.2019 во 13.20 часот во СВР Скопје, П.Б.(54) од Скопје пријавила дека околу 12.10 часот на ул.,,4-ти Јули'' била физички нападната од едно лице. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 19.11.2019 околу 16.10 часот на крстосница помеѓу бул.„Гоце Делчев" и ул.„Беласица" полициски службеници од СВР Скопје го лишиле од слобода А.Д.(53) од Скопје, поради тоа што го нарушил јавниот ред и мир, во алкохолизирана состојба, а кај него имал и пиштол. Против А.Д. ќе биде поднесен и соодветен поднесок.

На 19.11.2019 во 19.30 часот во СВР Скопје било пријавено дека во спортска обложувалница на ул.„Втора македонска бригада" едно лице со закана од вработената одзело пари. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 19.11.2019 во Полициската станица Велес, Ј.А.(38) од Велес пријавил дека на 18.11.2019 околу 21.00 часот на ул.„Ангел Мишев" бил каснат од куче скитник во пределот на левата рака.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Кочани поднесе кривична пријава против С.И.(63) од Кочани, поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „спречување службено лице во вршење службено дејствие" и „загрозување на сигурноста". На 11.10.2019 на ул. „Шукри Шаин" во Кочани, пријавениот спречил полициски службеник во вршење на обезбедување на место на настан, упатувајќи му закани.

На 20.11.2019 во 10.31 часот во СВР Штип, од дежурната амбуланта при Клиничка болница Штип било пријавено дека за укажување на лекарска помош бил донесен Б.М., кој се здобил со повреди при изведување градежни работи на зграда во населбата „Осми ноември" во Штип.

МИНИСТЕРСТВО

» Министер (/profilepage/minister)

» Заменик министер (/profilepage/zamenik-minister)

» Државен секретар (/profilepage/drzhaven-sekretar)

» Биро за јавна безбедност (/page/biro-za-javna-bezbednost)

АНАЛИЗИ И СТАТИСТИКИ

» Сообраќај (/analizistatistiki/soobrakjaj)

» Јавен ред и мир (/analizistatistiki/javen-red-i-mir)

» Гранични работи (/granichni-premini)

» Криминалитет (/analizistatistiki/kriminal)

ИНСТИТУЦИИ

» Влада

инте

» Претседател

» Собрание

» Јавно обвинителство (http://www.jorm.org.mk/)

» Центар за обука (/profilepage/pomoshnik-minister-co)

ОСТАНАТИ ЛИНКОВИ

» Фото галерија (/foto-galerii)

» Видео галерија (https://www.youtube.com/user/MV

» Закажување со лични документи (/kontakt-centar)

» Адреси и контакт телефони (/Upload/Documents/Adresi-i-kontakt-telefoni.pdf)

» Архива (http://www.mvr.gov.mk/DesktopDe tabindex=0&tabid=127)

МАКЕДОНИЈА БЕЗ КОРУПЦИЈА

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.

тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет

(https://www.facebook.com/makedonskapolicija/) (https://www.youtube.com/user/MVRMacedonia1231)